Влада на Република Северна Македонија
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА –

02.01. 2025

**Архивски број:** 04-19/1

Врз основа на член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) Министерот за европски прашања, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас за унапредување на државни службеници во**
**Министерството за европски прашања**

1. Кандидатот Арлинда Ѓакова, распоредена на работно место Советник за преведување и лекторирање, Одделение за преведување и лекторирање од албански јазик и други странски јазици, Сектор за организациски работи и односи со јавноста во звање Советник, по пат на интерен оглас се избира за унапредување на работно место УПР0101Б04003 – Раководител на Одделение за преведување и лекторирање од албански јазик и други странски јазици, Одделение за преведување и лекторирање од албански јазик и други странски јазици, Сектор за организациски работи и односи со јавноста во звање раководител на одделение.

2. Именуваниот ќе биде унапреден со распоредување на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Министерството за европски прашања.

**О б р а з л о ж е н и е**

Министерството за европски прашања објави Интерен оглас број 01/2024 за унапредување на државни службеници на 2 работни места, на 24.12.2024 година на веб страните на Министерството за европски прашања и Агенцијата за администрација.


Министерство за европски прашања
Влада на Република Северна Македонија
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА –

Именуваната поднесе пријава за унапредување на работното место објавено во интерниот оглас под реден број 01 УПР0101Б04003 – Раководител на Одделение за преведување и лекторирање од албански јазик и други странски јазици, Одделение за преведување и лекторирање од албански јазик и други странски јазици, Сектор за организациски работи и односи со јавноста - 1 (еден) извршител.

Комисијата за селекција за унапредување на државни службеници формирана со решение бр.04-1161/49 од 30.12.2024 година, по спроведената административна селекција за проверка на податоците во пријавата за унапредување и изводите од персоналните досиеја со условите од Интерниот оглас, констатира дека кандидатот Арлинда Ѓакова, како вработена во Министерството за европски прашања ги исполнува општите услови, како и посебните услови предвидени во Огласот, за пополнување на работното место за кое е поднесена пријавата за унапредување.

Со именуваната од страна на Комисијата, согласно член 51 став (7) од Законот за административни службеници беше спроведено интервју за оценување на општите и посебните компетенции на кандидатот за работното место за кое е поднесена пријавата за унапредување .

Комисијата, по спроведената административната селекција и спроведеното интервју, согласно одредбите на Законот за административни службеници за унапредување на административни службеници, достави предлог до министерот за избор на именуваниот за унапредување на работното место под реден бр. 01 објавено во Интерниот оглас бр. 01/2024.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**<u>ПРАВНА ПОУКА:</u> Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Министерството.**

Orhan Murtezani
Министер за европски прашања
Ministër për Çështje Evropiane



Министерство за европски прашања
Влада на Република Северна Македонија
Кеј Пресвета Богородица бр.3, Скопје
+389 2 3200 104
www.sep.gov.mk